ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 21-131/8**

**Дата: 21.12.2012**

**ДО**
**НУ МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Национална установа Музеј на современата уметност – Скопје (во натамошниот текст НУ Музеј на современата уметност – Скопје) на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787-15), за 2011 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Ревизијата не изрази мислење за реалноста и објективноста на финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи за 2011 година, поради недоволно обезбедени ревизорски докази како основ за признавање на расходите, додека за реалноста и објективноста на искажаните позиции во Билансот на состојба на ден 31.12.2011 година, ревизијата изрази позитивно мислење. За прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, ревизијата изрази негативно мислење.

Со ревизијата е констатирано дека кај НУ Музеј на современата уметност - Скопје евидентирани се расходи кои не се поткрепени со комплетна и веродостојна документација и утврдени се слабости во постапките за јавни набавки на материјали и услуги.

Со цел подобрување на состојбата ревизијата препорачува одговорното лице да одобрува плаќање на обврските и признавање на расходите врз основа на веродостојна и комплетна документација и набавките на материјали и услуги да се вршат согласно утврдените постапки со Законот за јавни набавки.

---

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор
1.________________
2.________________ ______________________

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 7 до 8 заедно со ревизија на усогласеност на НУ Музеј на современата уметност - Скопје на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787-15) за 2011 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на НУ Музеј на современата уметност - Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Елиза Шулевска, директор

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на НУ Музеј на современата уметност - Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Поради изнесеното во делот „Цели и делокруг на ревизијата“ ние не бевме во можност да добиеме соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за позициите во Билансот на приходи и расходи на НУ Музеј на современата уметност – Скопје, за 2011 година.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизија на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. НУ Музеј на современата уметност – Скопје не обезбедил соодветни ревизорски докази за признавање на расходите како основ за настанатите финансиски промени и трансакции. Поради наведеното, ние не бевме во можност да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи на НУ Музеј на современата уметност – Скопје, за 2011 година.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 03.09.2012 до 05.10.2012 година кај НУ Музеј на современата уметност - Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 06.11.2012 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 21-131/4 од 19.11.2012 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2011 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

## 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Музејот има склучено договори за закуп со четири правни лица за користење на дел од покривот на музејската зграда за инсталирање на антенски уреди и системи. Во договорите за закуп со три лица е предвидено дека обврска на закупците е да обезбедат посебно броило за електрична енергија, а трошоците за потрошена електрична енергија да ги плаќаат како додаток на месечната закупнина, додека во договорот со едно правно лице е предвидено дека потрошената електрична енергија треба да ја плаќа Музејот.

Закупците не постапиле согласно договорите за закуп односно не ја извршиле својата обврска да обезбедат посебни броила за електрична енергија што тие ја користат. Поради тоа Музејот ги задолжува во паушален износ искажан во фактурите за закупнина, а кој закупците редовно го уплатуваат на сметка на Музејот. Склучувањето на договори на штета на Музејот и непочитувањето на одредбите од договорите за закуп може да доведе до нецелосна наплата на приходите на Музејот и до зголемување на трошоците за електрична енергија на Министерството за култура кое ја плаќа потрошената електрична енергија наместо Музејот.

Согласно член 7 од Законот за располагање и користење со стварите на државнитеоргани, остварениот приход од закупнини треба да се уплатува во Буџетот на Република Македонија, наместо на приходната сметка на Музејот.

**Препорака**

Одговорното лице да покрене иницијатива кај закупците да обезбедат посебни броила за електрична енергија што ја трошат антенските уреди и системи со што ќе се разграничат трошоците соодветно на секој потрошувач. Добиените средства од закупнина да се уплатуваат во Буџетот на Република Македонија.

## 3.2. Финансиски извештаи

### Биланс на приходи и расходи

3.2.1. Наодот од точка 3.3.1. од Нацрт извештајот за сметката на основен буџет (603-18), во врска со евидентирани расходи на позиција Стоки и услуги кои не се поткрепени со комплетна и веродостојна документација се однесува и на сметката на буџет од самофинансирачки активности, и тоа за :

- Набавка на гориво за приватни возила кои се користат за службени цели, за такси услуги, паркинзи и возни билети, во износ од 85 илјада денари, без обезбедени потребни податоци кои ќе го потврдат патувањето или ќе го

оправдаат користењето на услугите (цел, место, датум, километража, потпис од лицето кое полнело гориво, потпис од корисник на услугата или потпис за одобрување);
- Набавка на ситен инвентар, разни материјали, прехранбени артикли и пијалаци, угостителски услуги, средства за хигиена и други материјали во износ од 86 илјади денари, за кои нема опис за намената на средствата и поводот за користење на услугите, не е обезбеден доказ за прием од вработените или потпис за одобрување;
- Поправки и тековно одржување во износ од 65 илјади денари, кои се однесуваат на трошоци за монтирање и сервисирање на опрема, за сим картички за мобилен телефон, разни потрошни материјали за електрика и за одржување на простории за кои има испратници без потврден прием за материјалите и извршената услуга или нема работен налог со потпис за потврдување на извршената работа;
- Други тековни расходи во износ од 31 илјади денари за угостителски услуги, прехранбени продукти и пијалаци, без да се наведе поводот за нивното користење или не се одобрени од раководителот на проектот или од директорот;

По овие основи од сметката на буџет на самофинансирачки активности во 2011 година се исплатени средства во вкупен износ од 267 илјади денари.

**Користење на средствата согласно законските прописи**

**3.3. Јавни набавки**

3.3.1. Наодот од точка 3.4.2. од Нацрт извештајот за сметката на основен буџет (603-18), во врска со не спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка се однесува и на сметката на буџет од самофинансирачки активности. Од оваа сметка се исплатени 121 илјади денари за набавка на компјутери, обезбедување на објект, печатарски услуги, молерофарбарски услуги и набавка на канцелариски материјали и мебел.

3.3.2. Во 2011 година исплатени се средства за печатење на каталози за изложби и набавка на авиобилети во вкупен износ од 185 илјади денари, по спроведени постапки за јавни набавки во 2009 и 2011 година за кои на ревизијата не и беше презентирана комплетна валидна документација која ќе ја потврди законитоста на постапката за споведување и избор на најповолен понудувач (во решението за јавни набавки се утврдени критериуми за избор на најповолен понудувач кои не се изразени во бодови, нема известувања до другите понудувачи, нема решение за избор и нема склучен договор).

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесеното во точката 3.2.1. погоре, ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на финансискиот извештај Биланс на приходи и

расходи за 2011 година, поради признавање на расходи за кои не се обезбедени целосни и веродостојни документи како основ за настанатите финансиски промени и трансакции.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2. и 3.3., ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на Биланс на приходи и расходи, на НУ Музеј на современата уметност – Скопје, сметка на буџет од самофинансирачки активности за 2011 година, додека за искажаните позиции во Билансот на состојба на ден 31 декември 2011 година, ревизијата изрази позитивно мислење.

### Мислење за усогласеност со законите и прописите

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1., 3.2. и 3.3. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на НУ Музеј на современата уметност – Скопје, сметка на буџет од самофинансирачки активности, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

## 5. Прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања

Поради спроведено погрешно книжење на пренесен вишок на приходи од претходната година, во текот на ревизијата е извршена корекција во Билансот на приходи и расходи со која се намалува ставката Други неданочни приходи, а се зголемува ставката Трансфери од други нивоа на власт, во износ од 55 илјади денари. Корекцијата е спроведена во налог за книжење бр.00-112 од 18.10.2012 година.

Скопје, 19.12.2012 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2011 година

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2011** | **2010** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 1.457 | 1.227 |
| **Вкупно приходи** | **1.457** | **1.227** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 34 | 10 |
| Стоки и услуги | 1.221 | 1.162 |
| **Вкупно тековни расходи** | **1.255** | **1.172** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 10 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | **10** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **1.265** | **1.172** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **192** | **55** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **192** | **55** |

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **2011** | **2010** |
| **Актива** | | |
| | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 192 | 55 |
| Побарувања | 0 | 82 |
| Активни временски разграничувања | 162 | 131 |
| **Вкупно тековни средства** | **354** | **268** |
| | | |
| **Вкупна актива** | **354** | **268** |
| | | |
| **Пасива** | | |
| | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 154 | 131 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 8 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 192 | 137 |
| **Вкупно тековни обврски** | **354** | **268** |
| | | |
| **Вкупна пасива** | **354** | **268** |